АСЈО
Академија за судии
и јавни обвинители

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Граѓанско – правна одговорност
# на нотари и извршители




**м-р Александар Шопов**
Судија на Апелационен суд Скопје


*Скопје, 11 јули 2024 г.*

# ПРОФЕСИОНАЛНА ОДГОВОРНОСТ

- Постои кога носител на одредена професија ќе ги повреди обврските кои за него произлегуваат во постапка на давање професионални услуги на неговите корисници.

- граѓанско-правна одговорност (одговорност за штета)
- дисциплинска одговорност
- кривична одговорност

# ПРОФЕСИОНАЛНА ОДГОВОРНОСТ

- Професиите на правниците: адвокати, извршители, нотари и останатите професии: вештаци, проценувачи, лекари и другите, се професии кои се вбројуваат во т.н. **регулирани професии кои подлежат на правилата на т.н. "професионално право".**

- Тоа не ги опфаќа само законски регулираните правила за реализација на нивната професија, туку и етичките и професионалните кодекси кои ја подигаат **струката** на повисоко скалило.

# ЗАКОНСКА РАМКА

- Закон за облигационите односи

- Закон за извршување

- Закон за нотаријатот

# Некои сличности и разлики во одделни професии

## НОТАР - ИЗВРШИТЕЛ

Професијата **извршител** е слична со професијата на **нотар**, бидејќи и извршителите се физички лица кои вршат јавни овластувања утврдени со закон и тие исто како и нотарите, и се именуваат од Министерството за правда.

**Разликата** е во тоа што извршителите при преземање на дејствија за извршувања носат **авторитативни одлуки** (налози и заклучоци против кои е дозволен приговор и други правно заштитни средства) - слично како кај судиите.

Извршителот својата дејност ја врши со елементи на државен суверенитет, во форма на слободно занимање, или како претприемач (самостојна професионална дејност), не се финансира од државниот буџет како судиите и судските службеници, туку се финансиира со давање услуги, кои однапред се пресметуваат и се наплатуваат од корисниците, според утврдена тарифа.

# ОДГОВОРНОСТ НА НОТАРИ

Нотарска служба е <u>јавна служба</u> што ја вршат нотари, кои се самостојни и независни носители на таа служба.

Нотаријатот е <u>самостојна, независна</u> јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни <u>овластувања</u>, врз основа на закон.

Нотарот е лице што врши јавни овластувања утврдени со закон, именувано од министерството за правда кое нотарската служба ја врши како **единствено професионално занимање**.

**Нотарите одговараат за својата работа во согласност со закон.**

# ОДГОВОРНОСТ НА НОТАРИ

Нотарот е должен својата служба да ја врши согласно со уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со УСТАВОТ НА РСМ

Нотарот и лицата што се вработени кај нотарот не смеат да бидат застапници на странките и не смеат да посредуваат при склучување на правни работи или во врска со нив да дадат гаранција или да дадат друго обезбедување на странката.

Нотарот не смее без оправдани причини да одбие преземање на службено дејствие.

Нотарската служба е неспојлива со вршење адвокатура и кое било друго платено занимање односно јавна професија.

# ОДГОВОРНОСТ НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

„**Извршител**“, „**заменик** на извршител“ и „**помошник** на извршител“ се лица кои вршат јавни овластувања утврдени со закон, именувани/назначени согласно со одредбите на ЗИ и кои директно одлучуваат за дејствијата што треба да се преземат во рамките на нивните овластувања, за да се спроведе извршната исправа и да ги преземат извршните дејствија;

При спроведување на извршувањето извршителот е должен да води сметка за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката на извршување и нивните семејства, како и за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот.

Извршителот не смее да врши јавни функции, или раководни, надзорни и управни функции во: трговски друштва, државни заводи и фондови, политички партии, служби за наплата, трговски дејности, посреднички, нотарски и адвокатски работи.

# ЗАКОН ЗА НОТАРИЈАТОТ –ЧЛЕН 14 И 38

**ЧЛЕН 14**

- **Нотарот** е должен пред да започне со работа да се **осигура од одговорност** за штета која би можел да им ја причини на странките и на трети лица при вршењето на нотарската служба. во полисата за осигурување може да се предвиди штетата до определен износ нотарот непосредно да ја надомести.
- Најнискиот износ на осигурување изнесува **50.000 евра** во денарска противвредност, сметано според средниот курс на народната банка на република македонија на денот на осигурувањето.
- Нотарот кој според извештајот за остварената награда во претходната година, остварил бруто нотарска награда поголема од осигурената сума од ставот (2) на овој член, во наредната година се осигурува најмалку на износ во висина на остварената награда.

# ЗАКОН ЗА НОТАРИЈАТОТ ЧЛЕН 14

- При измена на условите за осигурување и висината на износот за осигурување нотарот е должен, во рок од 30 дена, да го усогласи своето осигурување со изменетите услови и износот и за тоа писмено да ја извести комората.
- Нотарот е должен уредно **да го продолжува** осигурувањето од одговорност за штета.
- Осигурувањето од ставот (1) на овој член го опфаќа и осигурувањето од одговорност за преземените дејствија од страна на помошникот нотар, заменикот нотар, нотарскиот стручен соработник и другите вработени во нотарската канцеларија.
- Комората може во име и за сметка на нотарите да го организира осигурувањето од одговорност за штета на сите нотари во Република Македонија, доколку постои согласност од сите нотари.
- Комората може да изврши реосигурување од одговорност за штети на сите нотари во република македонија на товар на нотарите, доколку постои писмена согласност од сите нотари.
- Секој нотар е должен во рок од 15 дена по склучувањето, односно продолжувањето на договорот за осигурување од одговорност за штета, копија од полисата за осигурување да достави до комората.
- Комората е должна еднаш годишно да го извести министерството за редовното осигурување од одговорност за штета на нотарите

# НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

ЗАКОН ЗА НОТАРИЈАТОТ ЧЛЕН 38

- Нотарот е должен да ја надомести штетата што ја причинил на друг во вршење на нотарската служба.
- Нотарот за причинетата штета одговара согласно со општите правила за надоместок на штета предизвикана во вршење на службата.
- **Државата не одговара** за штетата што ја предизвикал нотарот.
- Нотарот одговара солидарно со неговиот помошник - нотар и заменик - нотар за штетата што тие ќе ја причинат.
- Нотарот има право на регрес од лицата наведени во ставот (4) на овој член, согласно со општите правила за регрес на одговорност во вршење на службата.
- Надоместокот на штетата се утврдува спогодбено, а во спротивно се утврдува во парнична постапка

# ЗАКОН ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ЧЛЕН 43

## ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА

- Извршителот е одговорен за ЦЕЛАТА ШТЕТА што ја причинил на странката или спрема трети лица, со незаконско спроведување на извршните дејствија и со неисполнување на должностите што ги има како извршител според овој закон.

- Извршителот не одговара за причинетата штета доколку незаконитоста или неисполнувањето на должностите, не е утврдено во постапка по изјавен приговор по членот 86 од овој закон.

- Извршителот е одговорен за штетата која произлегла од извршување на поединечни дејствија што ги предизвикале лицата од членот 42 од овој закон.

# ЗАКОН ЗА ИЗВРШУВАЊЕ ЧЛЕН 43

- Осигурителното друштво има **право на регрес** од извршителот за надоместената штета само во случај кога штетата е причинета по вина на извршителот.
- Штетата се утврдува во парнична постапка.
- Најнискиот износ на осигурување за кој извршителот мора да склучи договор за осигурување изнесува 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на народната банка на Република Македонија на денот на склучување на полисата за осигурување.
- Извршителот е должен до комората да достави доказ за секој склучен договор за осигурување од одговорност од штета веднаш по склучување на истиот.
- Претседателот на комората го известува министерството, за извршителот кој не постапил согласно со одредбите на овој став и ставовите (5) и (6) на овој член, во рок од 30 дена по истекот на полисата за осигурување.

# НА КОИ ПРАШАЊА ЌЕ СЕ ОБИДЕМЕ ДА ОДГОВОРИМЕ КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА ГРАЃАНСКА ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА

- ✓ Каква е релацијата на нормите од Законот за нотаријатот и Законот за извршување, со нормите за одговорност за штета од Законот за облигационите односи ?
- ✓ За каков вид на одговорност за штета се работи во Законот за нотаријатот и во Законот за извршување?
- ✓ Кој може да се јави во улога на штетник и оштетен ?
- ✓ Со кое штетно дејствие може да се причини оваа штета ?
- ✓ Што значи употребениот термин во ЗИ, „одговара за целата штета“?

# НА КОИ ПРАШАЊА ЌЕ СЕ ОБИДЕМЕ ДА ОДГОВОРИМЕ КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА ГРАЃАНСКА ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА

- ✓ Дали став 2 од член 43 од ЗИ претставува процесна претпоставка за водење на парнична постапка или е основ за исклучување на противправност на штетното дејствие на штетникот/извршителот

- ✓ Дали судот ќе ја отфрли тужбата или ќе го одбие тужбеното барање?

- ✓ Што значи за нотарите и извршителите задолжителната обврска за осигурување од професионална одговорност со определување на минималниот износ на осигурување ?

- ✓ Зошто правото на регрес на осигурителното друштво е уредено со ЗИ?

- ✓ Дали одговорноста за причинета штета, долговите (па и обврските за штета!) може да престанат со престанување на функцијата нотар, извршител, адвокат?

# ПРАВНИТЕ ПРОФЕСИИ ВО МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС СЕ ИЗЛОЖЕНИ НА КРИТИКА

КАМПАЊИ ПРОТИВ СИТЕ!

СИТЕ ПРОТИВ СИТЕ: АДВОКАТИ, ИЗВРШИТЕЛИ , НОТАРИ

ПОСТОЕЊЕ НА ПРЕДУБЕДУВАЊЕ ПРАВНИЦИТЕ НЕ ЗНААТ, СУДИИТЕ СЕ КОРУМПИРАНИ!





# ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

- На Р. СЛОВЕНИЈА и е наредено да плати 80,000 евра за несразмерни мерки!

  25.04.2017 година - **Васкрсиќ против Словенија**

- ЕСЧП испитувал законитост на продажбата на куќа на подносителот на тужбата во текот на судска постапка со која требало да се намири долг за комунална услуга.

- Почетната вредност на долгот била 124 евра и таа се зголемила на 500 евра кога на основниот долг биле додадени каматите и трошоците за извршување.

- Должникот добивал известување за дологот но ништо не превземал, што довело до постапка за извршување.



# ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

- Се покажало дека исполнувањето на побарувањето не било можно преку продажба на движен имот и поради тоа судот дозволил продажба на недвижност

- Неговата куќа е проценета на 140,000 евра.

- Куќата по еден неуспените обиди на крај е продадена за 70,000 евра



# ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

- ✓ ЕСЧП во својата одлука го истакнал **<u>очигледниот несразмер</u>** помеѓу оваа марка и долгот што требал да се наплати.

- ✓ ЕСЧП укажал дека словенечкиот суд го прекршил правото на подносителот на **<u>сопственост</u>** и закучил дека <u>Словенија не ја пронашла вистинската мера и праведната рамнотежа помеѓу целта на мерките и онаа која е искористена во постапката</u> и наредил на државата да плати 80 000 евра отштета

# ПРОФЕСИОНАЛНА ОДГОВОРНОСТ

Граѓанската одговорност начелно го става носителот на една слободна професија, овде на професионалци, кои при тоа имаат јавни овластувања, наспрема корисникот на неговите услуги и има за цел да го обезбеди обештетувањето на лицата кои трпат штетни последици од **професионална грешка**.

Постои едно **право на граѓанската одговорност** - право на обештетување,

**НАДОМЕСТ НА НАСТАНАТА ШТЕТА, КАЈ СИТЕ ВИДОВИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ОДГОВОРНОСТ.**




# ВО ЗОО ПОСТОИ ГЕНЕРАЛНА ОДРЕДБА:

- ЗАБРАНА НА ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ НА ШТЕТА;

ВО ЧЛЕН 9 СТОИ:

- „СЕКОЈ Е ДОЛЖЕН ДА СЕ ВОЗДРЖИ ОД ПОСТАПКА СО КОЈА МОЖЕ НА ДРУГ ДА МУ ПРЕДИЗВИКА ШТЕТА“

# ВИДОВИ НА ВНИМАНИЕ

**<u>член 11</u>**

- ✓ Учесникот во облигациониот однос е должен во извршувањето на својата обврска да постапува со внимание кое во правниот промет се бара во соодветниот вид облигациони односи (**внимание на добар стопанственик, односно внимание на добар домаќин**).

- ✓ Учесникот во облигациониот однос е должен **<u>во извршувањето на обврска од својата професионална дејност да постапува со зголемено внимание, според правилата на струката и обичаите (внимание на добар стручњак).</u>**

- ✓ Учесникот во облигациониот однос е должен во остварувањето на своето право <u>да се воздржи</u> од постапка со која би се отежнало извршувањето на обврската на друг учесник.





# ОСНОВИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ОБЛИГАЦИОНИ ОДНОСИ

- ОСНОВИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ

ЧЛЕН 17-Б

- ОБВРСКИТЕ НАСТАНУВААТ СО ДОГОВОР, **ПРИЧИНУВАЊЕ ШТЕТА**, СТЕКНУВАЊЕ БЕЗ ОСНОВ, РАБОТОВОДСТВО БЕЗ НАЛОГ, ЈАВНО ВЕТУВАЊЕ НАГРАДА, ИЗДАВАЊЕ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ДРУГИ СЛУЧАИ ПРЕДВИДЕНИ СО ЗАКОН.

# ОСНОВИ ЗА ОДГОВОРНОСТ ЧЛЕН 141 ОД ЗОО

(1) **ТОЈ ШТО СО ВИНА** ЌЕ МУ ПРИЧИНИ ШТЕТА НА ДРУГ, ДОЛЖЕН Е ДА ЈА НАДОМЕСТИ.

(2) ЗА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА **ОД ПРЕДМЕТИ ИЛИ ДЕЈНОСТИ ОД КОИ ПРОИЗЛЕГУВА ЗГОЛЕМЕНА ОПАСНОСТ** ОД ШТЕТА ЗА ОКОЛИНАТА, СЕ ОДГОВАРА **БЕЗ ОГЛЕД НА ВИНАТА**.

(3) **ЗА ШТЕТА БЕЗ ОГЛЕД НА ВИНАТА** СЕ ОДГОВАРА И ВО ДРУГИ СЛУЧАИ ПРЕДВИДЕНИ СО ЗАКОН.

# ДАЛИ СТАНУВА ЗБОР ЗА ВОН ДОГОВОРНА ДЕЛИКТНА ИЛИ ДОГОВОРНА ШТЕТА ?

- Одговорност за штета предвидена во членот 38 од ЗН – штета при вршење на **нотарска служба** и членот 43 на ЗИ – одговорност за штета од **извршител**, е **деликтна - вондоговорна одговорност**, која настанува со незаконското спроведување или неисполнувањето на должностите определени со закон
- **Адвокатите** имаат права и обврски што произлегуваат од договор
- Доверителот и должникот се странки во постапката и не се во договорен однос со **извршителот**
- Доверителот може да го избере **извршителот /нотарот**, меѓутоа тоа не значи дека постои претходен облигационен однос помеѓу нив, затоа станува збор за новонастанат однос

ШТЕТНИК И ОШТЕТЕНИК КАКО ПРЕТПОСТАВКА

ОПШТИ УСЛОВИ:
- ШТЕТНО ДЕЈСТВИЕ
- ШТЕТА
- ПРИЧИНСКА ВРСКА

ПОСЕБЕН УСЛОВ ЗА ОДГОВОРНОСТ:

ВИНА

ОПАСНА СТВАР

ОПАСНА ДЕЈНОСТ

ОДГОВОРНОСТ ЗА ДРУГ

# ОДНОСИ СО ПРИЧИНУВАЊЕ НА ШТЕТА

# ШТЕТНИК - Е СЕКОГАШ НОТАР АДВОКАТ ИЛИ ИЗВРШИТЕЛ

- НОТАРОТ ,ИЗВРШИТЕЛОТ, АДОКАТОТ ОДГОВАРААТ- **ПО ОСНОВ НА ВИНА**
- ИЗВРШИТЕЛОТ- **ПО ОСНОВ НА ОДГОВОРНОСТ ЗА ДРУГ- НОТАРОТ- ОДГОВАРА СОЛИДАРНО СО ЗАМЕНИКОТ И ПОМОШНИКОТ** ПОЕДИНЕЧНИ **ДЕЈСТВИЈА ШТО ГИ ПРЕДИЗВИКАЛЕ ПО НЕГОВО ОВЛАСТУВАЊЕ ЗАМЕНИКОТ НА ИЗВРШИТЕЛОТ ИЛИ ПОМОШНИКОТ НА ИЗВРШИТЕЛОТ**
- НОТАРОТ,ИЗВРШИТЕЛОТ, АДВОКАТОТ - **ПО ОСНОВ НА ОДГОВОРНОСТ ЗА ДРУГ**-ЗА ПОЕДИНЕЧНИ ДЕЈСТВИЈА **ПО ПОТРЕБА МОЖЕ ДА ВРАБОТУВААТ И ДРУГИ ЛИЦА**

СТРАНКА-НАЛОГОДАВЕЦ, ДОВЕРИТЕЛ И ДОЛЖНИК

→

ТРЕТИ ЛИЦА

# ОШТЕТЕНИК

# ОСНОВОТ НА ОДГОВОРНОСТ ?

СУБЈЕКТИВНА ОДГОВОРНОСТ ИЛИ ОБЈЕКТИВНА ОДГОВОРНОСТ ?

**ОДГОВОРНОСТА НА НОТАРОТ, АДВОКАТОТ И ИЗВРШИТЕЛОТ Е СУБЈЕКТИВНА,ОДГОВОРНОСТ ВРЗ ОСНОВА НА ВИНА**

- СТЕПЕН НА ВИНА И ДОКАЖУВАЊЕ НА ВИНАТА
- **СТАНДАРД НА ПРОФЕСИОНАЛНО ВНИМАНИЕ**

Само пропуштањето на некој од наведениве стандардизирани степени на внимание, штетникот во дадени околности го доведуваат до ниво на постапување со обично (лесно) невнимание. Овој вид невнимание е далеку полесен стапен на невнимание и оттука многу е близок до нормалното постапување.

Поради ова, понекогаш е многу тешко и да се определи границата помеѓу нормалното допуштено однесување од недопуштеното однесување, мерено со стандардите на добриот домаќин односно добриот стопанственик или добриот стручњак или пак професионално однесување

# ВНИМАНИЕ НА ПРОФЕСИОНАЛЕЦ - ДОБАР СТРУЧЊАК

# ОДГОВОРНОСТ ВРЗ ОСНОВА НА ВИНА-ЧЛЕН 145 ОД 300

- (1) **Вина постои кога штетникот причинил ШТЕТА СО НАМЕРА ИЛИ СО НЕВНИМАНИЕ**

  (Крајно, обично или друг степен на невнимание предвиден со закон).

- (2) Ако штетата е причинета со намера или крајно невнимание, **оштетениот треба да го докаже** нивното постоење.

- (3) Ако пак штетата е причинета со обично невнимание или друг помал степен на невнимание, **штетникот треба да докаже** дека тие не постоеле.

# ОДГОВОРНОСТ ЗА ДРУГ

- Извршителот е одговорен за штетата која произлегла од извршување на поединечни дејствија што ги предизвикале **по негово овластување** заменикот на извршителот или помошникот на извршителот.
- Овие лица, дејствуваат во име и за сметка на извршителот.
- За поединечни дејствија при спроведувањето на извршувањето извршителот по потреба може да вработува и други лица.
- ОДГОВОРНОСТ НА РАБОТОДАВЕЦ...

# ОДГОВОРНОСТ НА РАБОТОДАВЕЦОТ Е УРЕДЕНА ВО ЧЛЕН 157 ОД ЗОО

(1) За штета што работникот во работата или во врска со работата ќе му ја причини на трето лице одговара работодавецот кај кој работел работникот во моментот на причинувањето на штетата, освен ако докаже дека работникот во дадените околности постапувал онака како што требало.

(2) Оштетениот има право да бара надомест на штетата и непосредно од работникот ако штетата ја причинил намерно.

(3) Со одредбата од став (1) на овој член не се засега во правилата за одговорноста за штета што потекнува од опасен предмет или од опасна дејност.

(4) Работодавецот кој на оштетениот ќе му ја надомести штетата што работникот ја причинил намерно или со крајно невнимание, има право од тој работник да бара надомест на платениот износ.

(5) Тоа право застарува во рок од шест месеци од денот на исплатениот надомест на штетата.

# ПРЕТПОСТАВЕНА ВИНА- ДОКАЖУВАЊЕ НА ВИНА

- Претпоставката за постоењето на вина на страна на преземачот на противправното дејствие е **соборлива**, овој ако го докаже спротивното: дека постапувал во рамките на стандардизираното внимание, или дека за штетата е виновен трет или пак, дека таа настанала поради некоја надворешна околност што тој не можел да ја предвиди, спречи или отстрани, тогаш ќе ја избегне одговорноста за настанатите штетни последици.
- За разлика од обичното невнимание, кое се претпоставува, намерата и крајното невнимание, како потешки видови вина, се докажуваат.
- Во таа смисла е и член 145 став 2 од ЗОО дека:

**„ако штетата е причинета со намера или крајно невнимание, оштетениот треба да го докаже нивното постоење.“**

**Од ова јасно произлегува дека товарот на докажувањето, паѓа на оштетениот.**

# ШТО ПРЕТСТАВУВА ИНСТИТУТОТ „ЦЕЛА ШТЕТА“

ЧЛЕН 43 СТАВ 1 ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

# ЧЛЕН 43
# СТАВ 1
# ЗИ

Извршителот е одговорен за **целата штета** што ја причинил на странката или спрема трети лица, со незаконско спроведување на извршните дејствија и со неисполнување на должностите што ги има како извршител според овој закон.

# ЦЕЛАТА ШТЕТА?????

ЗОО - целосен надомест дефиниран во **член 179:**

Судот земајќи ги предвид и околностите што настапиле по причинувањето на штетата, ќе досуди надомест во износот кој е потребен материјалната ситуација на оштетениот да се доведе во онаа состојба во која би се наоѓала да немало штетно дејствие или пропуштење.

Според **теоријата** - целосен надомест е:

1. материјалната штета – обична штета
2. изгубена добивка
3. нематеријална штета

# ШТЕТНО ДЕЈСТВИЕ – ИЗВРШИТЕЛ ?

**Незаконско спроведување на извршните дејствија и со неисполнување на должностите што ги има како извршител според овој закон**

Извршителот **не одговара за причинетата штета** доколку незаконитоста или неисполнувањето на должностите, **не е утврдено во постапка по изјавен приговор** по членот 86 од овој закон.

**Дискутабилно** - дали ја отстранува противправноста ?!

# ШТЕТНО ДЕЈСТВИЕ – НОТАР?

ДАЛИ НОТАР ОДГОВАРА ЗА УЗП ЗАВЕРКА?

ДО КОЈ СТЕПЕН?

# ПРИЧИНСКА ВРСКА

ОШТЕТЕНИОТ ДОКАЖУВА ДЕКА ПОСТОИ ПРИЧИНСКА ВРСКА ПОМЕЃУ ШТЕТНОТО ДЕЈСТВИЕ И ШТЕТАТА

# КРИТЕРИУМИ ЗА ДОСУДУВАЊ Е НА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

ОШТЕТЕНИОТ МОРА ДА ГИ ДОКАЖЕ:

(1) ПОСТОЕЊЕТО НА ШТЕТАТА И ВИСИНАТА НА ШТЕТАТА,

(2) ШТЕТНОТО ДЕЈСТВО И

(3) ПРИЧИНСКАТА ВРСКА МЕЃУ ШТЕТНОТО ДЕЈСТВО И ШТЕТАТА.

# ЗН / ЗИ
# ШТЕТАТА ЌЕ СЕ УТВРДУВА ВО ПАРНИЧНА ПОСТАПКА

ЗН член 38 став 6

- надоместокот на штетата се утврдува спогодбено

Судот во постапка ќе утврдува дали дејствијата, кои ги преземал **нотарот или извршителот** се противправни и каква штета постои и ќе ја утврдува одговорноста за штета и висината на штетата

# СТАВ 4 ОД ЧЛЕНОТ 43 НА ЗИ

**Осигурителното друштво има право на регрес** од извршителот за надоместената штета само во случај **кога штетата е причинета по вина на извршителот.**

**При одговорност за друг нема право на регрес????!!!**

Извршителот секогаш треба да постапува со професионална одговорност на добар стручњак со зголемено внимание во преземање на дејствија во постапка за извршување ; **и најблаг облик на невнимание доведува до вина**

- ✓ **ваквата норма за регрес е непотребна**
- ✓ **логично би било- намера и крајно невнимание**

# ЗОО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

ОДГОВОРНОСТ НА ОСИГУРУВАЧОТ

ЧЛЕН 996

- (1) ВО СЛУЧАЈ НА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ, ОСИГУРУВАЧОТ ОДГОВАРА **ЗА ШТЕТАТА НАСТАНАТА СО ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ САМО АКО ТРЕТОТО ОШТЕТЕНО ЛИЦЕ ГО БАРА НЕЈЗИНИОТ НАДОМЕСТ**.
- (2) ОСИГУРУВАЧОТ ГИ ПОДНЕСУВА ВО ГРАНИЦИТЕ НА СУМАТА НА ОСИГУРУВАЊЕТО, **ТРОШОЦИТЕ НА СПОРОТ ЗА ОДГОВОРНОСТА НА ОСИГУРЕНИКОТ.**

# СОПСТВЕНО ПРАВО НА ОШТЕТЕНИОТ НА ДИРЕКТНА ТУЖБА

СОПСТВЕНО ПРАВО НА ОШТЕТЕНИОТ И ДИРЕКТНА ТУЖБА

ЧЛЕН 997

- (1) ВО СЛУЧАЈ НА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ, **ОШТЕТЕНОТО ЛИЦЕ МОЖЕ ДА БАРА НЕПОСРЕДНО ОД ОСИГУРУВАЧОТ НАДОМЕСТ НА ШТЕТАТА** ШТО ЈА ПРЕТРПЕЛО СО НАСТАНОТ ЗА КОЈ ОДГОВАРА ОСИГУРЕНИКОТ, НО НАЈМНОГУ ДО ИЗНОСОТ НА ОБРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ.
- (2) ОШТЕТЕНОТО ЛИЦЕ ИМА, ОД МОМЕНТОТ КОГА СТАНАЛ ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ, СОПСТВЕНО ПРАВО НА НАДОМЕСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕТО, ПА СЕКОЈА ПОДОЦНЕЖНА ПРОМЕНА ВО ПРАВАТА НА ОСИГУРЕНИКОТ СПРЕМА ОСИГУРУВАЧОТ Е БЕЗ ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРАВОТО НА ОШТЕТЕНОТО ЛИЦЕ НА НАДОМЕСТ

# ALBSIG ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**ОСИГУРУВАЧОТ ЗАДРЖУВА ПРАВО НА РЕГРЕС** ОД ОСИГУРЕНИКОТ, ОДНОСНО ПРАВО НА ПОВРАТ НА ШТЕТА ОД ОШТЕТЕНИОТ, ВО СЛУЧАЈ КОГА ДОПОЛНИТЕЛНО ЌЕ СЕ УТВРДИ ДЕКА ШТЕТАТА Е ПРЕДИЗВИКАНА СО **НАМЕРА, ИЗМАМА ИЛИ ГРУБО НЕВНИМАНИЕ, А ЗА КОЈА, НА ОСИГУРУВАЧОТ ОД СТРАНА НА ОСИГУРЕНИКОТ, ОДНОСНО ОШТЕТЕНИОТ НЕ МУ СЕ ПРЕЗЕНТИРАНИ ТОЧНИ И ВИСТИНСКИ ПОДАТОЦИ**, ОДНОСНО ДОКАЗИ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА **И ВО ДРУГИ СЛУЧАЕВИ УТВРДЕНИ СО ЗАКОН**

# АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВИНЕР – ВИЕНА ИНШУРАНС ГРУП

ВО ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА **АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВИНЕР – ВИЕНА ИНШУРАНС ГРУП** СКОПЈЕ Е ПРЕДВИДЕНО ДЕКА ОСИГУРУВАЧОТ ЗАДРЖУВА ПРАВО НА РЕГРЕС ОД ОСИГУРЕНИКОТ, ОДНОСНО ПРАВО НА ПОВРАЌАЈ НА ШТЕТА ОД ОШТЕТЕНИОТ, ВО СЛУЧАЈ КОГА ДОПОЛНИТЕЛНО **ЌЕ СЕ УТВРДИ ДЕКА ШТЕТАТА Е ПРЕДИЗВИКАНА СО НАМЕРА, ИЗМАМА ИЛИ ГРУБО НЕВНИМАНИЕ, А ЗА КОЈА, НА ОСИГУРУВАЧОТ ОД СТРАНА НА ОСИГУРЕНИКОТ, ОДНОСНО ОШТЕТЕНИОТ НЕ МУ СЕ ПРЕЗЕНТИРАНИ ТОЧНИ И ВИСТИНСКИ ПОДАТОЦИ,** ОДНОСНО ДОКАЗИ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА **И ВО ДРУГИ СЛУЧАЕВИ УТВРДЕНИ СО ЗАКОН**.

# УСЛОВИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПРОФЕСИОНАЛНА ОДГОВОРНОСТ, ВО РЕЛАЦИЈА НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

**ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**

СО ОВА ОСИГУРУВАЊЕ, ЗАКОНСКАТА ОДГОВОРНОСТ НА ИЗВРШИТЕЛОТ, ЗАМЕНИКОТ И ПОМОШНИКОТ НА ИЗВРШИТЕЛОТ Е ПОКРИЕНА ЗА ШТЕТИ КОИ ЌЕ НАСТАНАТ И КОИ ЌЕ ГИ ПРИЈАВАТ ЗА ВРЕМЕ НА ТРЕАЕЊЕТО НА ОСИГУРУВАЊЕТО, А КОИ СЕ НАСТАНАТИ КАКО ПОСЛЕДИЦА ОД НЕПРЕДВИДЛИВ, НЕОЧЕКУВАН И НЕПОЗНАТ ШТЕТЕН НАСТАН *ВО ВИД НА ПРОПУСТ ИЛИ ГРЕШКА ОД НЕБРЕЖНОСТ, А ПРИ ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ИЗВРШИТЕЛ*

**СО ОСИГУРУВАЊЕТО *НЕ СЕ ОПФАЌААТ ШТЕТИ КОИ СЕ ПРИЧИНЕТИ СО НАМЕРА, ИЗМАМА И ГРУБО НЕВНИМАНИЕ* НА СТРАНА НА *ИЗВРШИТЕЛОТ, ЗАМЕНИКОТ И* ПОМОШНИКОТ ИЗВРШИТЕЛ.**

# ВО ОПШТИТЕ УСЛОВИ СЕ ИСКЛУЧУВАТ ШТЕТИ ОД ОСИГУРУВАЊЕТО

ОД ОСИГУРУВАЊЕТО **СЕ ИСКЛУЧУВААТ ШТЕТИ** ПОМЕЃУ ДРУГОТО:

**-ВО СЛУЧАЈ НА ВОДЕЊЕ НА ПОСТАПКИ СПРОТИВНО НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ**

# ОБВРСКИ НА ИЗВРШИТЕЛОТ СПОРЕД ОПШТИТЕ УСЛОВИ

1. ОСИГУРЕНИКОТ ГО ИЗВЕСТУВА ОСИГУРУВАЧОТ ВО РОК ОД 3 ДЕНА ОД КОЈА Е ПРИЈАВЕН ОШТЕТЕН НАСТАН
2. ОСИГУРЕНИКОТ Е ДОЛЖЕН ДА ГО ИЗВЕСТИ ОСИГУРУВАЧОТ И ДА ДОСТАВИ НАОД ОД НАДЛЕЖЕН ОРГАН, КОГА БАРАЊЕТО ЗА ШТЕТА Е ИСТАКНАТО ПРЕКУ СУД

# ОД ОПШТИТЕ УСЛОВИ

1. АКО ОШТЕТЕНИОТ ПОДНЕСЕ ТУЖБА ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ПРОТИВ ОСИГУРЕНИКОТ ТОЈ Е ДОЛЖЕН ДА ГО ИЗВЕСТИ ОСИГУРУВАЧОТ ПИСМЕНО ЗА ШТЕТНИОТ НАСТАН, КАКО И ДА СЕ ДОГОВОРАТ ОКОЛУ ВОДЕЊЕТО НА СПОРОТ.
2. ВО СЛУЧАЈ КОГА ОШТЕТЕНИОТ НЕПОСРЕДНО СЕ ОБРАЌА ДО ОСИГУРУВАЧОТ СО БАРАЊЕ ЗА ИСПЛАТА НА ШТЕТА, ОСИГУРЕНИКОТ Е ДОЛЖЕН ДА ДАДЕ ПИСМЕНА ИЗЈАВА ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ШТЕТАТА...
3. (ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЗАМЕШУВАЧ ИЛИ ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ТРЕТО ЛИЦЕ ЗА ПАРНИЦАТА)

# КОЈ Е ПАСИВНО ЛЕГИТИМИРАНА СТРАНКА

ОШТЕТЕНИОТ ИМА ПРАВО НА ИЗБОР ОД КОГО ЌЕ БАРА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ШТЕТА, ДАЛИ НЕПОСРЕДНО ОД НОТАРОТ / ИЗВРШИТЕЛОТ КАКО ОСИГУРЕНИК ИЛИ ОД ОСИГУРУВАЧОТ.

ЗНАЧИ, **ПАСИВНО ЛЕГИТИМИРАНА СТРАНКА МОЖЕ ДА БИДЕ И ОСИГУРЕНИКОТ НЕПОСРЕДНО И ОСИГУРУВАЧОТ**

# МЕСНА НАДЛЕЖНОСТ НА СУДОВИТЕ

чл.44 од ЗПП

- ст.1 - за судење во спорови за вондоговорна одговорност за штета, покрај судот **од општа месна надлежност**, надлежен е и **судот на чие подрачје е извршено штетното дејствие** или **судот на чие подрачје настапила штетната последица.**

- ст.3 - одредбите на ст.1 и 2 од овој член ќе се применуваат и во спорови против друштвото за осигурување заради надоместок на штета на трети лица врз основа на прописите за непосредна одговорност на друштвото за осигурување, а одредбата на ст.1 и во спорови за регресни барања по основ на недоместок на штета против регресни должници.

## *ПРОЦЕСНИ АСПЕКТИ ВО ПОСТАПКИ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА ПРИ ВРШЕЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ДЕЈНОСТ*

ЗАПОЧНУВА СО ПОДНЕСУВАЊЕ
Т У Ж Б А ЗА
НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

*ПРЕДМЕТОТ НА ТУЖБЕНОТО БАРАЊЕ Е ОПРЕДЕЛЕН ВО*

***П А Р И Ч Е Н  И З Н О С***

# Докази

## ИСПРАВИ

- увид во списите на предметот во кој се постапувало
- пријава на штета од одговорност од дејност до Осигурително друштво,
- известување до тужителот
- повик за надомест на штета од тужителот до тужениот
- Полиса од Осигурително друштво
- Посебни услови за осигурување од одговорност

**Вештачење**
**Сослушување на странки**
**Сослушување на сведоци**

# ЗАСТАРЕНОСТ НА ПОБАРУВАЊЕТО

ПОБАРУВАЊЕТО НА НАДОМЕСТ НА ПРИЧИНЕТА ШТЕТА ЗАСТАРУВА ЗА **ТРИ** ГОДИНИ ОД КОГА ОШТЕТЕНИКОТ ДОЗНАЛ ЗА ШТЕТАТА И ЗА ЛИЦЕТО КОЕ ЈА СТОРИЛО ШТЕТАТА. ВО СЕКОЈ СЛУЧАЈ ОВА ПОБАРУВАЊЕ ЗАСТАРУВА ЗА **ПЕТ** ГОДИНИ ОД КОГА НАСТАНАЛА ШТЕТАТА.

КОГА ШТЕТАТА Е ПРИЧИНЕТА СО **КРИВИЧНО ДЕЛО**, А ЗА КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ Е ПРЕДВИДЕН ПОДОЛГ РОК НА ЗАСТАРЕНОСТ, БАРАЊЕТО ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА СПРЕМА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ЗАСТАРУВА КОГА ЌЕ ИЗМИНЕ ВРЕМЕТО ОПРЕДЕЛЕНО ЗА ЗАСТАРЕНОСТ НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ.

## Пресуда на Основниот суд Скопје 2 - П.бр.1184/13 од 09.10.2014 година

Тужбеното барање на тужителката НК за надоместок на штета и утврдување ништовност на преддоговорот за купопродажба на недвижен имот ОДУ бр.558/12 од 21.01.2012 година и на договорот за купопродажба на недвижен имот ОДУ бр.64/13 од 21.01.2013 година, двата договори заверени од **нотар** од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

ФАКТИ:

Тужителката поднела тужба против првотужениот ЗП и нотарот СК од Скопје и со тужбата поставила тужбено барање за поништување на преддоговорот и договорот за купопродажба на недвижен имот-стан на ул. Васил Ѓоргов, поради тоа што двата договори имале **карактер на лихварски договори**. Освен тоа, во тужбата и на расправата преку својот полномошник, тужителката навела дека второтужениот **нотар не постапил правилно при составување и заверката на преддоговорот и договорот**, поради тоа што предметниот стан бил **стекнат во брак**, а второтужениот не побарал согласност за продажба на станот од сопругот на тужителката.

## Пресуда на Основниот суд Скопје 2 - П.бр.1184/13 од 09.10.2014 година

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Судот не ги прифатил наводите на тужителката дека станот бил стекнат за време додека траела брачната заедница и дека нотарот не постапил правилно со тоа што не побарал извод од матичната книга на венчаните и не го повикал **сопругот** на тужителката при составување на нотарскиот акт. Ова од причини што судот утврдил дека тужителката при составување на преддоговорот, кај второтужениот нотар дала изјава заверена под УЗП бр.65/18 од 11.09.2012 година дека станот бил **стекнат пред истата да стапи во брак**. Според тоа, судот утврдил дека не постои законски основ за поништување на договорот за купопродажба на предметниот стан.



ДИЛЕМА – дали нотарот е пасивно легитимиран кај тужба за поништување / ништовност на договор?

## Пресуда Рев2.бр.804/2014 од 03.12.2015 година на Врховен суд на РМ

Ревизијата на тужениот (извршител), СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пониските судови го задолжиле тужениот извршител на име надомест на штета да му исплати на тужителот сума во вкупен износ од 699.765,00 денари, со законска затезна/казнена камата сметано од 29.12.2008 година до исплата.

Извршителот во постапка за извршување спрема таткото на овде тужителот – таму должник, меѓудругото попишал и на доверителот му продал три крави, кои биле „стелни“. Доверителот веднаш ги оттуѓил на трето лице. Набргу кравите се отелиле, а третото лице ги продало телињата. Кравите никогаш не биле вратени на тужителот.

Со РЕШЕНИЕ на Претседателот на ОС Прилеп, извршните дејствија на тужениот извршител биле ставени вон сила, поради незаконитости.

Тужителот – трето лице, го тужел извршителот за надомест на штета.

## Пресуда МАЛВП-501/16 од 26.04.2017 г. на ОС Куманово
## Потврдена со Пресуда ГЖ-5517/17 од 01.06.2018 г. на АС Скопје

### Тужен извршител, за штета причинета со незаконито спроведување на извршување

Основниот суд Куманово со обжалената пресуда го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот, да се задолжи тужената да плати на тужителот износ од 17.567,00 денари, на име штета причинета со незаконито спроведување на извршување за наплата на парично побарување во постапка И.бр.183/16, со ЗКК од ден на поднесување на тужба 10.10.2016 година, во висина на референтна стапка на Народна банка на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело во тековно полугодие зголемена за осум процентни поени, до исплатата, како и да му плати на тужителот процесни трошоци сторени во текот на оваа постапка, а се ова во рок од 15 дена по правосилност на оваа постапка.

## Пресуда МАЛВП-501/16 од 26.04.2017 г. на ОС Куманово
## Потврдена со Пресуда ГЖ-5517/17 од 01.06.2018 г. на АС Скопје

**Тужен извршител, за штета причинета со незаконито спроведување на извршување**

Извршителот присилно наплатил паушал од 1.000 денари во ПРК предмет, по барање на ОС Куманово.

Подоцна, во прекршочната постапка били укинати клаузулите на правосилност и извршност на ПРК пресудата.

Судот оценил дека извршителот не предизвикал штета поради спроведување на присилната наплата (1.000 денари долг + 4.000 денари извршни трошоци), од причина што постапувал по барање на доверител – суд, врз основа на извршна исправа.

Пресуда МАЛВП-463/17 од 03.11.2017 г. на ОС Скопје 2 Скопје

## Тужен НОТАР, за штета поради незаконита достава на платен налог

### П Р Е С У Д А

Тужбеното барање на тужителот «Андреј Магдевски» од «С.» ,**ЗА ДА СЕ ЗАДОЛЖИ** тужениот «Нотар Анета Петровска А»лексовска«» од «С.» на тужителот на име надомест на материјална штета да му исплати износ од 5.107,00 ден., со законска казнена камата согласно Законот за облигациони односи од 29.12.2014год., до целосната исплата како и да се задолжи тужената да му ги надомести трошоците во постапката на тужителот, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

Секоја странка да ги поднесува своите трошоци во постпаката.

# Пресуда МАЛВП-463/17 од 03.11.2017 г. на ОС Скопје 2 Скопје

Согласно чл. 141 ст.1 од ЗОО, тој што ќе му причини штета на друг, должен е да ја надомести, доколку не докаже дека штетата настанала без негова вина. Според ст.2 од истиот член за штета причинета од предмети или дејности од кои произлегува зголемена опаснсот од штетата за околината се одговара без оглед на вината.

Од ова произлегува дека е потребна одговорност од страна на тужениот за причинување на штетата. Таква одговорност очигледно не е утврдена ниту по основ навина, ниту објективна одговорност, од причина што тужениот вршел обврска предвидена со Закон.

При таква состојба на работите, не стојат основите за одговорност на надомест на штета по ЗОО, што значи останува само примената на Законот за примената на посебните права по кој тужителот ги остварува правата и може да ги остварува правата.

Со оглед на тоа што од изведените докази во текот на постапката се утврди дека тужениот не бил виновен за настанувањето на штетата, која претставува основ за надомест на материјална штета, судот утврди дека тужбеното барање на тужителот по основ на материјална штета го одби како неосновано во целост.

## Пресуда Рев2.бр.359/13 од 10.09.2014 година на Врховен суд на РМ

ТУЖИТЕЛ: **извршител**

**ТУЖЕН: осигурителна компанија**

**Ревизијата на тужениот (осигурителна компанија), СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.**

Пониските судови го задолжиле тужениот да му плати на тужителот на име надомест на штета 2.187.704,00 денари, со камата.

ФАКТИ (1):

Извршителот го наплатил наведениот износ врз основа на признаена странска (Р. Словенија) судска одлука.

Таму должникот – Алкалоид АД, поднел ППНИ приговор, кој бил првостепено одбиен.

Без да чека одлука во жалбена постапка, извршителот ги наплатил средствата од сметка, ги претворил во девизи и ги пренел на доверителот во Словенија.

Апелациониот суд Скопје ја преиначил ППНИ одлуката, при што утврдил дека должникот основано приговорил на ЗАСТАРЕНОСТ на извршната исправа, па утврдил незаконитости и налогот го ставил вон сила.

## Пресуда Рев2.бр.359/13 од 10.09.2014 година на Врховен суд на РМ

ТУЖИТЕЛ: **извршител**
**ТУЖЕН: осигурителна компанија**

**Ревизијата на тужениот (осигурителна компанија), СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.**

Пониските судови го задолжиле тужениот да му плати на тужителот на име надомест на штета 2.187.704,00 денари, со камата.

ФАКТИ (2):
Алкалоид АД го тужел извршителот за надомест на штета. Во таа парница, извршителот го повикал сега тужениот (осигурителна компанија) да се вклучи како замешувач, но до тоа не дошло.
Алкалоид АД и извршителот – сега тужител, склучиле вонсудска спогодба и извршителот ја исплатил штетата во наведениот износ.

По ова, извршителот ја тужи осигурителната компанија врз основа на полиса!

# Пресуда Рев2.бр.359/13 од 10.09.2014 година на Врховен суд на РМ

Врз основа на претходно утврдената фактичка состојба, Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека пониските судови со правилна примена на материјалното право од член 953 и 957 став 1 и член 958 став 3 од Законот за облигационите односи,, правилно одлучиле кога тужбеното барање на тужителот го усвоиле. Правилно прифатиле судовите дека во конкретниот случај законската одговорност на тужителот како извршител е утврдена токму со решението на Апелациониот суд Скопје РОЖ.бр.618/08 од 08.04.2008 година, со кое бил ставен вон сила налогот на извршителот И.бр.1008 од 11.01.2008 година и било запрено извршувањето како и укинати спроведените извршни дејствија. Имено, со донесување на ова решение РОЖ.бр.618/08 се реализирал осигурениот случај за кој тужителот склучил договор за осигурување со тужениот, а тужениот е должен да му ја надомести на тужителот причинетата штета согласно претходно цитираните членови од Законот за облигационите односи, полисата за осигурување и посебните услови за осигурување на одговорност на извршителот. Со донесување на решението на Апелациониот суд Скопје РОЖ.бр.618/08 од 08.04.2008 година дефинитивно било утврдено дека извршителот како осигуреник на тужениот му причинил штета на должникот Алкалоид АД Скопје која штета во вонсудска спогодба тужителот ја надоместил на Алкалоид АД Скопје, поради што и основано во предметната постапка бара надомест на штета од 2.187.704,00 денари.

# Пресуда Рев2.бр.359/13 од 10.09.2014 година на Врховен суд на РМ

Овој суд во целост се согласува со образложението на пониските судови дека самата суштина на осигурувањето на извршителите е дека се осигурува законската одговорност на извршителот за причинети штети кои ќе ги предизвика на трети лица во вршењето на извршните дејствија. Во конкретниот случај законската одговорност на тужителот како извршител е утврдена со решението на второстепениот суд РОЖ.бр618/08 од 08.04.2008 година, со кое бил ставен вон сила налогот на извршителот 10/08 од 11.01.2008 година. Со донесување на ова решение се реализирал осигурениот ризик - случај за кој тужителот склучил договор за осигурување со тужениот, а тужениот е должен да му ја надомести на тужителот причинетата штета.

Ви благодарам на вниманието



aleksandar.shopov@asskopje.mk